Архивски број: 08-412/4
11-07-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-412/1 од 26.06.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со седиште на [redacted] во Скопје, за извршена дискриминација од страна на Ресторан [redacted], со седиште [redacted] во Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став (7) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) на 11.07.2023 години, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**НЕ СЕ ПОВЕДУВА** постапка по претставката број 08–412/1 од 26.06.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје, **поради повлекување на претставката од страна на подносителот.**

## О б р а з л о ж е н и е

На 26.06.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] од Скопје, против Ресторан [redacted], со седиште на [redacted] во Скопје.

Во претставката е наведено дека на 24.06.2023 година во неутврдено време здружението добило сознанија преку допрен глас дека вработените во наведениот ресторан одбиле да услужат и не пуштиле да вечераат група лица зошто носеле обележја на ЛГБТИ+ заедницата по повод Парадата на гордоста што се одржа во Скопје. Се наведува дека постои оправдано сомневање дека врз споменатата група лица е извршена дискриминација зошто носела обележја за поддршка на ЛГБТИ+ заедницата.
Во претставката не се наведени лични податоци на лицата кои биле дел од оваа група, односно лица кои можат да го посведочат овој настан, а подносителот дообјаснува дека во случај на потреба, овие податоци ќе ги достави до Комисијата.

Заради соодветно постапување по претставката и заради утврдување на активна легитимација на страна на здружението-подносител на претставката, Комисијата се обрати со Барање за доуредување на претставка заведено под број 08-412/2 од 03.07.2023 година со кое побара податоци за лицата кои се јавуваат како


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

учесници во спорниот настан и нивна изјава, односно согласност да бидат застапувани од страна на здружението во постапката пред Комисијата.

На 10.07.2023 година доставено е Известување број 08-412/3 од подносителот во кое наведува дека поднесената претставка доброволно ја повлекува.

Врз основа на гореизнесеното, а согласно член 27 став (7) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", број 258/20) согласно кој: ***"Комисијата носи заклучок за нповедување или запирање на постапката доколку подносителот одлучи да ја повлече претставката во текот на постапувањето.",*** Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
11.07.2023година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]
- Архива